**Закачено на огласна табла на судот на ден 12-11-2024 година** СТ.бр.22/24

**ОСНОВНИОТ СУД КАВАДАРЦИ**, како првостепен надлежен суд, преку стечајниот судија Елизабета Петковска , постапувајќи по предлогот на должникот Друштво за производство и трговија СЛАСТ-ПРОИЗВОД Трајко ДООЕЛ експорт-импорт Кавадарци со седиште на ул. Јован Планински бр. 22 Кавадарци со ЕМБС: 5442141 и ЕДБ: 4011000115629, , како предлагач за отворање на стечајна постапка над должникот , без одржување на рочиште на ден 12-11-2024 година, го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**Се поведува** претходна постапка за утврдување на причината за отворање на стечајна постапка над должникот Друштво за производство и трговија СЛАСТ-ПРОИЗВОД Трајко ДООЕЛ експорт-импорт Кавадарци со седиште на ул. Јован Планински бр. 22 Кавадарци со ЕМБС: 5442141 и ЕДБ: 4011000115629 , со трансакциска сметка број 200003157385106 што се води при Стопанска Банка АД Скопје, со приоритетна дејност - Трговија на мало со леб, печива, колачи и слатки во специјализирани продавници- со означена шифра 47.24.

**Се закажува** рочиште за испитување на условите за отворање на стечајна постапка, на ден 13-12-2024 година во 12,00 часот, во судница бр.2 на овој суд.

**Се задолжува** должникот Друштво за производство и трговија СЛАСТ-ПРОИЗВОД Трајко ДООЕЛ експорт-импорт Кавадарци по приемот на решението да му ги стави на располагање на привремениот стечаен управник, сите податоци и известувања потребни за донесување на одлука во врска со поднесениот предлог, како и да се воздржува од активности со кои би се отежнало исполнувањето на тие обврски.

**За привремен стечаен управник** се определува лицето Весела Петрулева лиценциран и овластен стечаен управник од Велес, регистриран како стечаен управник Трговец поединец Петрулева Радоје Весела ТП стечаен управник Велес ул. Благој Ѓорев бр.104 а /18 , број на телефон 078-260-998, e-mail:aleksandra vesela@yahoo.com.

При што привремениот стечаен управник се задолжува да испита дали должникот има имот над кој може да се отвори стечајна постапка и дали имотот е доволен за спроведување на стечајната постапка и намирување на трошоците на стечајната постапка и побарувањата на доверителите и да изготви извештај за економско - финанасиската состојба на должникот, неплатени обврски на должникот по сите основи (придонеси и даноци од плата, други даноци,комунална такса , обврски спрема доверители и сл.).

**Се задолжуваат :** Фонд за здравствено осигурување на РСМ , Фонд за пензиско и инвалидско осигурување на РСМ , Агенција за вработување на РСМ , Министерство за финансии Управа за јавни приходи и Општина Кавадарци -Локална Самоуправа да му овозможат на привремениот стечаен управник увид во нивните евидентирани податоци со кој што располагаат со цел да се утврди дали должникот има обврски по основ на неплатени придонеси, даноци и комунална такса и доколку има колку изнесува нивната висина , како и на барање на привременеиот стечаен управник да му достават и писмен извештај за обврските на должникот.

**Се задолжува** должникот да му овозможи на привремениот стечаен управник да влезе во неговите деловни простории за да може да ги спроведе потребните дејствија, како и да му дозволи и му овозможи да изврши увид во трговските книги и неговата деловна документација.

**Решението да се достави** до Централен Регистар на РСМ во кој е запишан должникот.

**Решението да се објави** на огласна табла на Судот, да се објави оглас во Службен Весник на РСМ, како и на страната на Централниот Регистар на РСМ и на веб страната на судот.

**О б р а з л о ж е н и е**

Должникот Друштво за производство и трговија СЛАСТ-ПРОИЗВОД Трајко ДООЕЛ експорт-импорт Кавадарци во својство на предлагач преку својот полномошник Адвокат Дарко Ристов од Неготино , со предлог доставен до овој суд на ден 05-11-2024 година,

наведе дека се исполнети условите за отворање на стечајна постапка над должникот , повикувајќи се дека сметките на должникот се блокирани подолго од 45 дена.

Во предлогот од страна на предлагачот е наведено дека должникот е инсолвентен односно неспособен за плаќање од причина што истиот не може да ги намири пристигнатите парични обврски во рок од 45 дена од нивното пристигнување .

Кон предлогот , предлагачот има доставено , Тековна состојба на сметки на субјект добиени од регистар на трансакциски сметки со број 0813-50/150020240378713 од 29-10-2024 година на ЦР на РСМ, Извештај за состојба на сметката на имателот на сметката (солвентност ) од 30-10-2024 година на Стопанска Банка АД Скопје , Тековна состојба за предлагачот број 0805-50/150020240378712 од 29-10-2024 година на ЦР на РСМ и Изјава на должникот преку управителот Антоанета Димитриовска од 01-11-2024 година заверена кај нотар Роза Алексова под УЗП.бр.4610/2024 од 02-11-2024 година.

Согласно одредбата од чл.53 ст. 3 и ст. 4 од Законот за стечај „ Доколку предлогот за отворање на стечајна постапка е уреден и заедно со него се поднесени сите потребни докази, стечајниот судија во рок од три дена од денот на поднесувањето на предлогот во судот, односно по уредувањето на предлогот, донесува решение за определување на аванс на трошоци за претходната постапка чија висина не може да биде пониска од 15.000 денари ниту повисока од 25.000 денари. Против решението за определување на аванс не е дозволена жалба.Предлагачот е должен во рок од осум дена од денот на приемот на решението да го уплати авансот на трошоци за претходната постапка кој ќе го определи стечајниот судија. Ако во овој рок предлагачот не го уплати авансот, односно ненавремено го уплатил авансот стечајниот судија ќе донесе решение со кое го отфрла предлогот. Против ова решение не е дозволено правото на жалба“.

Судот во конкретниот случај утврди дека се исполнети условите за поведување на претходна постапка за утврдување на причините за отворање на стечајна постапка во смисла на одредбата од чл.54 ст.1 и одлучи како во изреката на решението а со цел да се проверат наводите на должникот-предлагач дали се исполнети условите за отварање на стечајна постапка децидно наведени во чл.5 од Законот за стечај.

Судот со донесеното решение одлучи да определи привремен стечаен управник а во смисла на одредбата од чл.58 ст.1 и ст.2 т.1 од Законот за стечај, кој ќе ја испита економско финансовата состојба кај должникот и посебно дали должникот има имот над кој може да се отвори стечајна постапка и дали истиот е доволен за спроведување на стечајната постапка и намирување на трошоците на стечајната постапка и евентуалните побарувања на доверителите.

Судот определи и објавување на ова решение согласно одредбата од чл.60 во врска со чл.10 ст.1 од Законот за стечај, а истото решение се објавува на огласната табла на Судот , да се објави оглас во Службен весник на РСМ, како и на страната на Централниот Регистар на РСМ.

Поради наведеното следуваше, Судот да одлучи како под точка II од решението .

**РЕШЕНО ВО ОСНОВЕН СУД КАВАДАРЦИ:СТ.бр.22/24 од 12-11-2024 година**

Стечаен судија,
Елизабета Петковска,с.р.

**Правна поука:**
Против ова решение не е дозволена жалба.

**Верно со оригиналот тврди:**

**Решението да биде доставено до:**
1. Полномошник на должник Адвокат Дарко Ристов од Неготино
2. Привремениот стечаен управник - Весела Петрулева+ оглас+предлог
3. Централниот Регистар на РСМ, Регистрациона Канцеларија Велес
4. Агенција за катастар на недвижности Скопје Одделение во Кавадарци
5. Комора на извршители на РСМ, ул.Костурски Херои бр.66/4 Скопје
6. Огласна табла и веб сајт на судот